интерпромет
а. д.
Бр. 0201-445/1
10-06 2022 год.
Тетово

Врз основа на член 383 и 528 од Законот за трговските друштва и член 20, 29, 80 и 81 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, како и во согласност со одредбите од Планот за поделба на друштвото усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 10.06.2022 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За потврдување на Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво

**Член 1**

**СЕ ПОТВРДУВА** Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени, за подрачјето на Основниот суд Тетово.

**Член 2**

Оваа одлука има карактер на одлука за поделба на Друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво.

**Член 3**

СЕ ПОНИШТУВААТ 16359 обични акции на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, за кои од страна на еден акционер е преземен удел во новооснованото друштво, со номинална вредност од 53,17 евра по акција.

**Член 4**

Со поништувањето на акциите во смисла на член 3, се намалува номиналната вредност на основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово за номиналната вредност на акциите за кои од страна на еден акционер е преземен удел во новооснованото друштво.

Со спроведувањето на Планот за поделба, вкупната основна главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово ќе изнесува во вредност од 2.709.277 евра и истата ќе биде поделена на вкупно 50.955 акции, со номинална вредност од 53,17 евра по акција, и тоа:

- 50.614 обични акции со номинална вредност од 53,17 евра по акција, односно со вкупна номинална вредност од 2.691.146 евра и
- 341 приоритетни кумулативни акции со номинална вредност од 53,17 евра по акција, односно со вкупна номинална вредност од 18.131 евра.

**Член 5**

Се овластува и се задолжува управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради спроведување на оваа одлука, да спроведе соодветна постапка за упис на статусната промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија, да спроведе постапка за упис на соодветните промени во акционерската книга на Друштвото која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија, да спроведе постапка промена на носителот на правото на сопственост на имотот што се пренесува од друштвото што се дели во новооснованото друштво, за кој според примеливите законски прописи е потребен упис во јавна книга, односно соодветен регистар (Агенција за катастар на недвижности, регистар на моторни возила и сл.), како и да ги презема сите останати потребни дејствија и да го застапува Друштвото пред сите надлежни органи и институции со цел спроведување на оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука број 0203-35/1 од ден 04.02.2022 година, со која е дадено претходно одобрение и е задолжен управниот одбор на друштвото да пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, како и да донесе соодветен План за поделба.

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година. Воедно, изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово.

Врз основа на донесената одлука на управниот одбор, спроведени се соодветни активности кои претходат на потврдувањето на Планот за поделба, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово. Преземените активности се детално наведени во Извештајот за статусна промена изготвен од страна на управниот одбор на друштвото.

Во согласност со член 383 и 528 од Законот за трговските друштва и член 20, 29, 80 и 81 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, одлука за потврдување на Планот за поделба донесува Собранието на акционери на Друштвото, и тоа со тричетвртинско мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.

Имајќи ги во предвид применливите законски и статутарни одредби и преземените дејствија во постапката, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово го потврди Планот за поделба на Друштвото и одлучи како во диспозитивот од оваа Одлука.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Претседавач:**

____________________________________